**РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА**

**ОПШТИНСКА ИЗБОРНА КОМИСИЈА БОГДАНЦИ**
**Бр.12-09/2**

**17.05.2017 година**

**Богданци**

Врз основа на член 43 став (15) од Законот за референдум и други облици на непосредно изјаснување на граѓаните („Сл. весник на РМ" бр. 81/05), а во врска со Правилата и процедурите за набљудување на Референдумот на локално ниво во Општина Богданци на 11.06.2017 година бр.12-06/5 од 12.05.2017 година, Општинската изборна комисија Богданци го донесе следното:

# УПАТСТВО

## за изгледот на беџовите за набљудување на Референдумот на локално ниво во општина Богданци на 11.06.2017 година

Општинската изборна комисија на набљудувачите им издава беџови како исправа за идентификација.

Беџовите имаат правоаголен облик со димензии 10 x 7,5 сантиметри.

На левиот горен дел на сите видови беџови е отпечатено знамето на Република Македонија, во средината на горниот дел е отпечатен текст: „Република Македонија, Општинска изборна комисија Богданци, Референдум на локално ниво во општина Богданци 2017", а на десниот горен агол е отпечатен симболот на Државната изборна комисија.

Текстот на сите беџови е отпечатен на македонски јазик и неговото кирилско писмо.

I. **<u>За домашните набљудувачи,</u>** во долниот дел на беџот, во средина, на **светло сина** основа стои текст „домашен набљудувач".
Името и презимето на набљудувачот е отпечатено на македонски јазик и неговото кирилско писмо.

II. **<u>За меѓународните набљудувачи,</u>** во долниот дел на беџот, во средина, на **темно сина** основа стои текст „меѓународен набљудувач".

Името и презимето на меѓународниот набљудувач е отпечатено на македонски јазик и неговото кирилско писмо и на латиница.

**III.** На беџовите за составот на **Општинската изборна комисија** на **кафена** основа во долниот дел на беџот, во средина, е отпечатен текстот: „претседател“, „заменик претседател“, „член“, „заменик член“, „секретар“ или „заменик секретар“ на Општинска изборна комисија Богданци.

Името и презимето на претседателот, заменик претседателот, членот, заменик членот, секретарот и заменик секретарот на Општинската изборна комисија е отпечатено на македонски јазик и неговото кирилско писмо.

**IV.** На беџовите за составот на **Избирачките одбори**, на **окер** основа во долниот дел на беџот, во средина, е отпечатен текстот „претседател“, „заменик претседател“, „член“ и „заменик член“ на избирачки одбор.

Името и презимето на претседателот, заменик претседателот, членот и заменик членот на Избирачкиот одбор е отпечатено на македонски јазик и неговото кирилско писмо.

**V.** **За овластените претставници на предлагачот** на **зелена** основа во долниот дел на беџот, во средина, е отпечатен текст: „овластен претставник за ИМ број ____“.

Името и презимето на овластениот претставник е отпечатено на македонски јазик и неговото кирилско писмо.

**VI.** На предната страна, во долниот десен агол, на **бела** основа е ставен печат на Општинската изборна комисија и потпис на претседателот на Општинската изборна комисија Богданци.

**VII.** Ова Упатство влегува во сила со денот на донесувањето и истото ќе се објави на Огласната табла и на веб страната на општина Богданци.

**ОПШТИНСКА ИЗБОРНА КОМИСИЈА**
**БОГДАНЦИ**

**ПРЕТСЕДАТЕЛ**

М.П.

Венера Зелева

**ЧЛЕНОВИ:**

1.Никола Анчев

2.Соња Маџирова

3.Митко Попов

4.Катерина Попова